# ПРЕДЛОГ МИНИМАЛНИ СТАНДАРДИ И КОМПОНЕНТИ НА НАСТАВНИТЕ ПРОГРАМИ

## ЗА ОБУКА НА ПОЛИЦИЈАТА И СУДСТВОТО ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И БОРБА ПРОТИВ НАСИЛСТВОТО ВРЗ ЖЕНИТЕ И ДЕВОЈЧИЊАТА

OSCE Organization for Security and Co-operation in Europe

WIN – Women & Men Innovating & Networking for Gender Equality

# БЛАГОДАРНОСТ

Поддршка за организација и проектен менаџмент, како и ревидирање:
**Елмаја Бавчиќ, Мааике ван Андрихем, Катерина Хаи**

Развој на содржини:
**Стојанка Мирчева**

Истражување:
**Маида Чехалиќ – Чампара, Стојанка Мирчева, Едлира Шима**

Уредник:
**Елизабет Дубан**

Дизајн:
**Нина Кононова**

Програмата на ОБСЕ за родови прашања би сакала исто така да се заблагодари на колегите од теренските операции на ОБСЕ кои придонесоа за развојот на оваа публикација со нивните посветеност и коментари, имено: Федра Иџаковиќ, Билјана Настовска, Ваљдете Османи, Татјана Стоименовска, Александра Црвеница, Ан-Елизабет Готје, како и Бјорн Торе Салтвик и Алина Мунтеану за нивната постојана поддршка и соработка.

# СПИСОК НА СКРАТЕНИЦИ

| | |
|---|---|
| **КЕДЖ** | Конвенција за елиминација на сите форми на дискриминација врз жените |
| **ГО** | Граѓанска организација |
| **СН** | Семејно насилство |
| **РН** | Родовобазирано насилство |
| **ГРЕВИО** | Grupi i Ekspertëve të Këshillit të Evropës për Veprim kundër Dhunës ndaj Grave dhe Dhunës në Familje |
| **Истанбулска конвенција** | Конвенција на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и семејното насилство |
| **МиЕ** | Мониторинг и евалуација |
| **ОБСЕ** | Организација за безбедност и соработка во Европа |
| **НВЖД** | Насилство врз жените и девојчињата |

# ВОВЕД

Во 2021 година, Организацијата за безбедност и соработка во Европа (ОБСЕ) изврши мапирање на наставните програми за обука на полицијата и судството на тема Насилство врз жените и девојчињата (НВЖД) како дел од проектот „ВИН за жени и мажи: зајакнување на сеопфатната безбедност преку иновации и вмрежување за родова еднаквост “. Мапирањето беше спроведено во Албанија, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Северна Македонија и Србија. Мапирањето исто така беше спроведено и во Косово.[1] Со мапирањето се евидентираа постоечките наставни програми за обука за НВЖД со цел да се идентификуваат потенцијалните пристапи и добрите практики, но и научените лекции и празнините во однос на тоа до кој степен активностите за обука се придржуваат до меѓународните стандарди и интегрираат пристап насочен кон жртвата.[2]

Паралелно со мапирањето, беше развиен сет на предложени минимални стандарди и компоненти на наставните програми за обука за НВЖД за полицијата и судството, со цел да се поддржат креаторите на политиките и институциите за обука при дизајнирањето и спроведувањето обуки на тема насилство врз жените и девојчињата. Предлог минималните стандарди ги одразуваат стандардите наведени во Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и семејното насилство (Истанбулска конвенција). Стандардите се базираат и на објаснувачките извештаи на Советот на Европа за Истанбулската конвенција и предлозите и сугестиите содржани во основните извештаи за евалуација[3] на Групата експерти на Советот на Европа за акција против насилството врз жените и семејното насилство (ГРЕВИО), тело кое врши мониторинг на имплементацијата на Истанбулската конвенција. При развивањето на предлог минималните стандарди, како референца се користеа и обврските утврдени во Конвенцијата за елиминација на сите форми на дискриминација врз жените (КЕДЖ), во врска со насоките содржани во следниве Општи препораки на Комитетот за елиминација на дискриминација против жени: Општа препорака бр. 19 (1992) за насилство врз жените; Општа препорака бр. 33 (2015) за пристапот на жените до правдата; и Општа препорака бр.35 (2017) за родово засновано насилство врз жените, ажурирана Општа препорака бр.19.

Беа консултирани и други извори на информации, меѓу кои и Истражувањето спроведено од ОБСЕ за насилството врз жените[4] и релевантен материјал од други меѓународни организации, вклучително и ОН Жени (UN Women) и Канцеларијата на Обединетите нации за дрога и криминал.

---

[1] Сите упатувања на Косово, без разлика дали станува збор за територијата, нејзините институции или населението, во овој текст треба да се сфатат во целосна согласност со Резолуцијата 1244 на Советот за безбедност на Обединетите Нации.

[2] Бидејќи извештајот се фокусира на правосудниот сектор, се користи терминот „жртва“ за да ја одрази терминологијата што се користи во системот на кривичното право. Меѓутоа, секаде онаму каде е предвидена мултисекторската поддршка се користи терминот „преживеан/а “.

[3] Сите држави потписнички кои беа вклучени во мапирањето се страни на Истанбулската конвенција и ги доставија своите (први) основни извештаи до ГРЕВИО и беа оценети од ГРЕВИО. Основниот извештај за евалуација на ГРЕВИО за Северна Македонија се очекува да биде објавен во 2023 година.

[4] До резултатите од истражувањето на ОБСЕ за насилството врз жените од 2018 година може да се пристапи на https://www.osce.org/VAWsurvey/publications.

## Зошто минимални стандарди за професионална обука за НВЖД?

Членот 15 од Истанбулската конвенција го препознава значењето на професионалната обука и бара од владите и јавните институции да обезбедат или да ја зајакнат соодветната обука за професионалци, вклучително и професионалците што работат во системите на кривичниот прогон.

Предлог минималните стандарди ги опфаќаат општиот пристап кон развивањето програми за обука, содржината на обуката, надлежностите на обучувачите, финансирањето и мониторингот и евалуацијата.

## ИСТАНБУЛСКА КОНВЕНЦИЈА, ЧЛЕН 15 – ОБУКА НА ПРОФЕСИОНАЛЦИ

**1. Страните обезбедуваат или ја зајакнуваат сооветната обука за релевантните професионалци кои постапуваат со жртви или со сторители на сите акти на насилство опфатени со Конвенцијата, за спречување и откривање на таквото насилство, еднаквоста меѓу жените и мажите, потребите и правата на жртвите, како и за спречување на секундарна виктимизација.**

**2. Страните поттикнуваат обуката спомената во ставот 1 да вклучи обука за координирана соработка на повеќе органи која ќе овозможи сеопфатно и соодветно упатување во случаи на насилство опфатени со Конвенцијата.**

## СТАНДАРДОТ ЗА ДЛАБИНСКА АНАЛИЗА

Конвенцијата ги обврзува државите потписнички да преземат активни мерки **за да ги спречат сите форми на НВЖД, да ги заштитат жртвите, да ги гонат сторителите и да обезбедат репарација за чиновите на насилство**.[5] Државите потписнички треба да се погрижат жртвите на насилство врз жените и девојчињата да добијат максимална заштита, целосно и ефикасно да се поведе истрага за сите наоди за таквото насилство, а сторителите да бидат изведени пред лицето на правдата.

Според меѓународното право за човекови права, државите потписнички имаат и негативни и позитивни должности. Владините службеници мора да го почитуваат законот и да се воздржуваат од кршење на човековите права и мора да ги заштитат поединците од прекршувања извршени од не-државни чинители. Веројатно, обврската да се обезбеди професионална обука би можела да се разбере како средство со кое владите темелно ја искажуваат својата длабока посветеност, така што ќе се погрижат одредени професионалци да се стекнат со потребните компетенции да спречат насилство, да ги заштитат жртвите и да ги гонат сторителите.

Понатаму, самата обука треба да се користи како можност да се зголеми свесноста дека државите потписнички имаат обврска да се осигурат дека нивните органи, службеници, агенти, институции и сите останати што дејствуваат во нивно име, се воздржуваат од акти на насилство врз жените. Дополнително, преку градењето на капацитетите треба да се информираат професионалците дека имаат обврска да посветат должно внимание во однос на дејствијата опфатени со *lex specialis* што се извршени од недржавни чинители.

## ИНСТИТУЦИОНАЛИЗАЦИЈА

Државите потписнички се обврзани **да обезбедат професионална обука, а обуката треба да биде достапна**. Затоа, институционализацијата на професионалната обука треба да се сфати како **сеопфатен процес** што ги содржи минимум следниве елементи:

- Посебен дизајн на курсеви за обука што одговара на предизвиците на НВЖД;
- Усвојување на вакви курсеви од страна на институциите за обука и нивно вклучување во задолжителните и во доброволните програми за обука;
- Обезбедување обука од страна на обучувачи што се специјално сертифицирани за насилство врз жени и девојчиња;
- Усвојување јасни минимални критериуми за слушателите да добијат сертификати што ќе бидат достапни пред обуката, и
- Редовен мониторинг и евалуација на обуката.

За да се постигне долготрајна, сеопфатна и редовна обука што придонесува за промена на перцепцијата и однесувањето на релевантните професионалци во однос на жртвите[6], таквата обука за НВЖД мора да биде институционализирана. Повремените обуки или ad hoc обуките спроведени од страна на меѓународните организации и женските граѓански организации, или во тесна соработка со нив, може да бидат многу ефективни, но таквиот пристап не е одржлив, а обуките може да немаат долгорочно влијание.

[5] Член 5, Истанбулска конвенција.

[6] Совет на Европа, Конвенција на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и домашно насилство, 2011 година, Објаснувачки извештај, ст. 98

## КОНТЕКСТУАЛИЗАЦИЈА

При процесот на институционализирање на соодветната обука за НВЖД треба да се разберат и земат предвид специфичните локални контексти и соодветно да се прилагодат курсевите за обука. При контекстуализацијата на обуката за НВЖД се препознава домашниот правен контекст во кој се пропишуваат обврските и процедурите што се релевантни за учесниците во обуката, но и потребата за имплементација на меѓународните стандарди. Дополнително, обуката што е ставена во контекст, исто така, препознава дека одговорот на НВЖД е условен од културните, традиционалните, имотните, политичките и моралните вредности што се специфични за одреден контекст и време, па затоа таквата обука соодветно се занимава со нив. Обуката треба да се заснова на анализа на конкретниот институционален контекст и на постоечките ставови кон родовобазираното насилство и родовата еднаквост.

На пример, при вежбата за мапирање се покажа дека проучуваните јурисдикции не само што имаат слична правна традиција , што се должи на нивното заедничко минато во поранешна Југославија, туку имаат и слични социјални ставови кон родовата еднаквост, на што се надоврзуваат широко распространетата култура на обвинување на жртвите и перцепцијата дека насилството врз жените извршено од мажи е инхерентен аспект на традиционалните семејни вредности, и дека таквото насилство е оправдано ако жените не покажуваат послушност кон мажите[7]. Професионалците од органите за спроведување на законите, од органите за кривичен прогон и од судството се дел од општеството, па во отсуство на обуки и институционални политикичија цел е да се искоренат предрасудите и родовите стереотипи, тие може да ги пресликаат таквите предрасуди и стереотипи во своето работење. Затоа, програмите за обука чија цел е да се институционализира родово чувствителен одговор на насилството врз жените, мора да го земат предвид специфичниот социјален контекст во кој работат учесниците во обуката, вклучувајќи ги и заедничките верувања, вредности и стереотипи.

За да се овозможи ефикасно спроведување на меѓународните стандарди на национално ниво, неопходно е таквите стандарди да се постават во локалниот контекст. Соодветната обука за НВЖД треба да е усогласена со меѓународните и регионалните стандарди, но истовремено мора ефикасно да се спротивставува на социјалните и културните обрасци, предрасудите кои ја негуваат перцепцијата за инфериорноста на жените и стереотипите за улогите на жените и мажите.[8]

## ПРОЦЕНКА НА ПОТРЕБИТЕ

Идеално, секоја програма за обука треба да се заснова на проценки и анализи на потребите за обука. Конкретно, проценката на потребите за обука за НВЖД треба да ги земе предвид **ставовите и перцепциите за родовата еднаквост, родовите улоги и родовите стереотипи; знаењата и вештините што им се потребни на потенцијалните учесници во обуката при нивната професионална работа; и претходното знаење и изложеноста на учесниците во обуката на теми поврзани со родовите**. Подеднакво е важно проценката да ги одрази потребите на лицата што ќе бидат во контакт со учесниците во обуката и на кои што ќе влијаат резултатите од обуката. Секогаш кога е можно, проценките на потребите треба да ги опфатат потребите и перспективите на низа релевантни професионалци што се во интеракција со полицијата и судството и што имаат искуство со работа со жртви на НВЖД, како што се женските граѓански организации, други субјекти што обезбедуваат услуги за специјалистичка поддршка за жени жртви на насилство и други институции што се вклучени во превенцијата и заштитата.

[7] Види, на пример, Основни извештаи за евалуација на ГРЕВИО за Србија, 2020 година (став 63), Црна Гора, 2018 година (став. 68–70), Албанија, 2017 година (став. 52–54); и ОБСЕ, Истражување за насилство врз жените предводено од ОБСЕ: благосостојба и безбедност на жените – Главен Извештај (Виена: ОБСЕ, 2019 година), стр.24.

[8] Членови 12 и 14, Истанбулска конвенција; Дел В, Комитет за елиминација на дискриминацијата врз жените, Општа препорака бр. 33 за пристапот на жените до правдата.

При развивањето курсеви за обука, како особено корисни алатки се покажуваат истражувањата за распространетоста , кои се спроведуваат на редовна основа и вклучуваат мерење на задоволството на корисниците од обезбедените услуги поврзани со родовобазирано насилство (РН).

Покрај прашалниците што им се даваат на идните учесници, проценките на потребите може да вклучат и интервјуа и дискусии во фокус групи со други професионалци. Тоа придонесува за посеопфатно разбирање на потребите за обука, а со тоа и обуката ќе може соодветно да се дизајнира. Проценката на потребите за обука не треба да се сфати како еднократна активност, туку како придружна задача што се спроведува редовно (на пример, еднаш на две години) и го одразува контекстот.

## ПОСЕБНА ПРОГРАМА ЗА ОБУКА И МАТЕРИЈАЛИ ЗА НВЖД

Мапирањето на ОБСЕ покажа дека модулите во врска со НВЖД често се инкорпорирани во курсевите за обука на теми како што се кривичното или семејното право. Сепак, потребна е **посебна програма за обука за НВЖД** како основна и континуирана обука на работното место за службеници,[9] за да се зголеми видливоста и приоретизацијата на одговорот од страна на полицијата, обвинителите и судиите, и да се осигури дека насилството врз жените се третира како сериозно кривично дело. Постоењето на посебна програма за обука на НВЖД може да послужи за подобрување на одговорите кон НВЖД, како и за развој на **систематски и конзистентни програми за обука**.

Во посебната програма за обука за НВЖД треба да се користат висококвалитетни **тематски прирачници за обука**. Прирачникот за обука, формално усвоен од релевантната институција за обука, е основа за спроведување на систематска и конзистентна обука. Ваквите прирачници можат да опфатат низа теми и да послужат како алатка за интерактивни вежби за учење и студии на случаи што може да се комбинираат со симулација на работното место (на пример, активности за обука при кои се користат вистинските простории каде што се обработуваат случаите на НВЖД). Прирачникот за обука е исто така ресурс наменет да им помогне на обучувачите кога ги планираат и спроведуваат со професионалците интерактивните сесии за учење на возрасни, и тоа на различни теми поврзани со ефективното реагирање во случај на НВЖД, во зависност од потребите на учесниците. Специјализираните женски граѓански организации треба да бидат поканети да дадат свој придонес во изготвувањето на таквите прирачници, во развојот на програмите за обука и во реализацијата на обуките.

Обуката треба да биде поддржана и засилена со **јасни протоколи и упатства во кои се утврдени стандардит**е што се очекува персоналот да ги следи во своите области на работа.[10] Таквите протоколи и упатства може да бидат во форма на стандардни оперативни процедури за извршните органи и да ја вклучуваат релевантната судска пракса на Европскиот суд за човекови права, правни мислења на повисоките домашни судови или судски упатства за мултидисциплинарен пристап кон насилството врз жените што нудат стандардизирани минимални мерки за сите професионалци и го одразуваат родовото разбирање на формите на НВЖД.

[9] Основната или почетната обука се обезбедува за новопримени или нововработени професионалци (полиција) и кандидати за судии и обвинители. Тековната или континуирана обука на работното место за службеници е за едукација на професионалци од правосудниот сектор кои веќе имаат работно искуство и се стреми кон подобрување на нивните компетенции.

[10] Совет на Европа, Конвенција на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и домашно насилство, 2011 година, Објаснувачки извештај, ст. 98.

## ЗАДОЛЖИТЕЛНА И СИСТЕМАТСКА ОБУКА НА ТЕМА НАСИЛСТВО ВРЗ ЖЕНИ И ДЕВОЈЧИЊА

Обуката за зголемување на сензитивноста на полициските и правосудните професионалци за причините, манифестациите и последиците од сите форми на НВЖД треба да биде задолжителна и систематска, во контекст на конкретната институција за обука. **Задолжителната обука се однесува и на основната и на континуираната обука за сите службеници и професионалци. Систематската обука подразбира обука која е континуирана и одржлива и што соодветно се следи** за да се осигури соодветна примена на новостекнатите вештини.[11] Во врска со обуката која ќе овозможи ефективен одговор преку развивање и зајакнување на родовата чувствителност и професионалните вештини за одговор на НВЖД, важно е обемот и содржината на континуираната обука на службениците од извршните органи да се базираат на нивните специфични работни профили (што значи дека обуката треба да се прилагоди на нивните улоги). Што се однесува до континуираната обука на работно место за судии и обвинители, регионална практика е судиите и обвинителите да имаат автономија во изборот на курсевите за обука што ги посетуваат. Сепак, оваа практика треба да се преиспита без да се наруши независноста и автономијата на судската професија, вклучително и при организирање обука.

Подеднакво е важно да се развијат обуки, или модули за обука во рамките на постоечките програми за обука, за професионалци кои даваат стручни мислења и вештачења на суд во случаи поврзани со НВЖД.

## РОДОВА ЕДНАКВОСТ И РОДОВОБАЗИРАНО НАСИЛСТВО ВРЗ ЖЕНИТЕ

Постигнувањето на родовата еднаквост е од клучно значење за елиминирање на насилството врз жените и девојчињата. Промени во динамиката на моќта и ставовите, а следствено и елиминирање на насилството врз жените и девојчињата се можни само преку суштинска еднаквост меѓу жените и мажите, во која жените и мажите уживаат еднакви права и имаат де факто еднаква заштита од законот, исти можности и се еднакво ценети и почитувани поради својот придонес кон општеството. Обуката со показни примери би имала за цел да ги **промени ставовите и да ги елиминира стереотипите** не само на ниво на индивидуални учесници во обуката, туку и во институциите. Обуката која го подобрува разбирањето на родовобазираното насилство како феномен треба да нагласи дека **родовата нееднаквост е примарен мотив за НВЖД**. Исто така, важно е обуката да се занимава со **влијанието на родовите стереотипи и пристрасности кои го поттикнуваат родовобазираното насилство**. Програмите за обука треба да се занимаваат со родовите стереотипи и предрасуди како основни причини за насилство врз жените и, во исто време, да ги оспорат и деконструираат родовите стереотипи што постојат во општеството.

[11] Ibid. 98–99.

# РОДОВОБАЗИРАН ПРИСТАП КОН СИТЕ ФОРМИ НА НАСИЛСТВО ВРЗ ЖЕНИТЕ И ДЕВОЈЧИЊАТА, ВКЛУЧИТЕЛНО И СЕМЕЈНОТО НАСИЛСТВО

Како стандард, на обуката треба да се стекнат знаења и вештини што ќе резултираат со **разбирање на сите форми на насилство врз жените од родов аспект** кои професионалците треба да ги применуваат при спроведување на процедурите за заштита на жртвите, како што се проценката на ризик, наредбите за напуштање/отстранување од домот во итни случаи и наредбите за заштита, кога се одлучува за посети/старателство на дете, и при упатување на случаи. Истанбулската конвенција им наметнува обврска на државите потписнички да се занимаваат со **сите форми на насилство врз жените** и создава сеопфатна правна рамка за справување со сериозни кршења на човековите права на жените.

Ова значи дека сите форми на НВЖД треба да се решаваат од перспектива „која ги препознава родовата динамика, влијанието и последиците од овие форми на насилство и која функционира во рамка за родова еднаквост и човекови права“[12]. Барањето за **интегриран пристап заснован на човековите права** има за цел да ги интегрира превенцијата, заштитата и гонењето. Сите мерки за поддршка и заштита на жртвата треба се фокусираат на човековите права и безбедноста на жртвата, земајќи ги предвид „односите меѓу жртвите, сторителите, децата и нивната поширока околина, за да се избегне ризикот да се одговра на нивните потреби изолирано, или без да се признае нивната социјална реалност“.[13]

Во 2022 година, Платформата на независни експертски механизми во врска со дискриминација и насилство врз жените објави тематски труд за **дигиталната димензија на насилството врз жените** кој, меѓу другото, ги идентификува празнините во обезбедувањето обука за оваа нова форма на НВЖД кај персоналот во институциите за кривичен прогон.[14] Во обуката за полицијата и судството потребно е да се вклучи и препознавањето на дигиталното насилство и специфичниот одговор на него.

[12] Ibid. ст. 115.

[13] Ibid. ст. 116.

[14] Совет на Европа, „Дигиталната димензија на насилството врз жените, адресирана со седумте механизми на платформата EDVAW“, 17 ноември 2022 година, ст. 27.

## ПРИСТАП НАСОЧЕН КОН ЖРТВАТА

Пристапот насочен кон жртвата ги става **потребите и правата** на жените жртви и нивните деца во центарот на сите мерки. За да добијат жртвите што е можно поефективна поддршка, во прв план на сите интервенции треба да се нивните права, потреби и безбедност. Тоа значи да се понуди заштита и поддршка, но во исто време и третман на **жртвите со почит и чувствителност и да се охрабрат и зајакнат** да донесат информирани одлуки што најдобро ги одразуваат нивните интереси. Обуката треба да придонесе да се изгради недискриминаторски став и разбирање дека некои околности може да направат одредени жртви да бидат особено многу ранливи. Затоа посебен акцент треба да се стави на концептот на **интерсекционалност**[15]. Поконкретно, професионалците треба да разберат како ризиците и искуствата со насилство се вкрстуваат со низа идентитети на жените и девојчињата, како на пример, жените и девојчињата со попреченост, од руралните области, постарите жени, девојчињата адолесцентки, жените во проституција, жените и девојчињата што живеат со ХИВ и СИДА, жените и девојчињата од етничките малцинства (како жените и девојчињата Ромки) и верските малцински групи и жените и девојчињата со правен или друг вид статус или идентитет што може да го влоши ризикот од насилство, и како тие создаваат бариери за пристап до механизмите за заштита и правда.[16] Во пристапите насочени кон жртвата се дава **приоритет на безбедноста при секое одлучување** за време на истрагата, предистражната постапка, при судењето и изрекувањето на казната и по судењето, и при сите соочувања со сторителот. При обуката особено треба да посвети внимание да се **елиминираат ставовите со кои се обвинуваат жртвите** за нивните искуства со насилство.

## КООРДИНИРАН И МЕЃУИНСТИТУЦИОНАЛЕН ПРИСТАП

Поради сложената природа на насилството врз жените, вклучително и семејното насилство (СН), меѓу темите на обуката треба да се вклучи и координираната и меѓуинституционална соработка, која е потребна за сеопфатно и соодветно справување со случаите на насилство опфатени со Истанбулската конвенција.[17] Обуката треба да опфати **идентификација на влезните точки за координација на упатувањата и последователните активности помеѓу различните тела**, во и надвор од правосудниот систем. На координацијата и одговорот што го нудат различните институции треба да се пристапи со соодветна документација за предметното насилство, со должно почитување на приватноста и доверливоста на преживеаното лице и со слободна и информирана согласност на преживеаното лице. Релевантните владини служби и женските граѓански организации што обезбедуваат услуги за преживеаните лица треба да се насочени кон оние активности за обука преку кои професионалците од полицијата и правосудниот систем ќе станат свесни каде да ги упатуваат жртвите. Обуката за меѓуинституционален пристап треба да вклучува теми за координација на безбедносните мерки, како и координирани услуги за заштита и поддршка.

---

[15] Меган Кемпбел, „КЕДЖ и женските вкрстени идентитети: пионерски пристап кон интерсекциската дискриминација", Работен документ на Универзитетот Оксфорд, том. 2, бр.3, февруари 2016 г., достапно на https://globalnaps.org/wp-content/uploads/2018/08/cedaw-and-women-s-intersecting-identities-a-pioneering-approach-to-intersectional-discrimination.pdf (пристапено на 17 јануари 2022 година).

[16] Совет на Европа, Конвенција на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и домашното насилство, Објаснувачки извештај, ст. 87.

[17] Член 15 ст. 2, Истанбулска конвенција.

## ЕФЕКТОТ ОД НАСИЛСТВОТО ВРЗ ДЕЦАТА КАКО ЖРТВИ И СВЕДОЦИ

Обуката треба во најмала рака да се однесува на **потребите и правата на децата**, независно дали детето е директна жртва или сведок на НВЖД, вклучувајќи го и семејното насилство. Во некои случаи, насилството е насочено и кон жените и кон децата. Во други случаи, децата не се цел сами по себе, туку се сведоци на насилството врз нивните мајки, врз нив самите или врз други членови на семејството. Треба да се посвети должно внимание на **техниките за интервјуирање, препознавање на знаците на траума и избегнување на секундарната виктимизација** на децата. Се препорачува специјална обука за процесот на утврдување на правата за старателство и посета на детето што ги зема предвид инцидентите на НВЖД. Во таквата обука треба да се нагласи и дека посетата на родителите и правата на старателство не смеат да ги загрозат правата[18] и безбедноста на жртвата или нејзините деца.[19]

## ПРИСТАП ШТО ШТО ГИ ВЛУЧУВА ЛИЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТА

Одредени форми на насилство, експлоатација или злоупотреба може да се сметаат за сурово, нечовечко, понижувачко постапување или казнување и кршење на меѓународните договори за човековите права.[20] Меѓу оние кои особено ги погодуваат жените со попреченост се присилната и на друг начин несакана бременост или стерилизација, како и секоја друга медицинска постапка или интервенција извршена без слободна и информирана согласност, вклучително и оние поврзани со контрацепција и абортус; инвазивните и неповратните хируршки зафати, вклучително и осакатување на женските гениталии или оперативен зафат или третман извршен на интерсексуални деца без нивна информирана согласност. Сексуалното насилство врз жените со попреченост вклучува и силување. Сексуалната злоупотреба се случува во сите сценарија во државите потписнички и недржавните институции, во семејството и во заедницата. Некои жени со попреченост, особено глувите, глуво-слепите жени и жените со интелектуална попреченост, може да бидат изложени на дополнителен ризик од насилство и злоупотреба поради нивната изолација и зависност или поради угнетување.[21]

---

[18] Членот 19 од Конвенцијата за правата на детето го гарантира правото на секое дете да живее без насилство. Конвенцијата, исто така, се занимава со правата на детето (не правото на родителите) да одржува контакт со двајцата родители доколку тоа не е спротивно на најдобриот интерес на детето.

[19] Член 31, Истанбулска конвенција.

[20] Види, на пример, член 6, Конвенција за правата на лицата со попреченост; и Општите препораки на Комитетот на КЕДЖ бр. 19 и бр. 35.

[21] Чиновите на насилство, експлоатација и/или злоупотреба врз жени со попреченост може да вклучуваат, меѓу другото, и физичка сила; економска принуда; трговија со луѓе; измама; дезинформации; напуштање; отсуство на слободна и информирана согласност и правна принуда; занемарување, вклучително и задржување или одбивање пристап до лекови, отстранување или контролирање на средствата за комуникација или одбивање помош за комуникација, негирање на лична подвижност и пристапност, како што се отстранување или уништување на реквизитите за пристапност, како што се рампи, или помошни уреди како бел стап или уреди за мобилност, како што се инвалидска количка; одбивање од страна на старателите да помогнат во секојдневниот живот, како што се капење, менструација и/или санитарни услови, облекување и јадење, со што се ускратува правото на независно живеење и третман без понижување; одбивање на храна или вода, или закана за некој од овие дела; малтретирање, вербална злоупотреба и потсмев поради попреченоста, што предизвикува страв преку заплашување; повредување или закана за штета; отстранување или убивање миленичиња или кучиња за помош или уништување предмети; психолошка манипулација; контролирање на однесувањата кои вклучуваат ограничување на личен или виртуелен пристап до семејството, пријателите или другите; присилна и на друг начин несакана бременост или стерилизација. Сексуалното насилство врз жените со попреченост вклучува и силување. Комитет на ОН за правата на лицата со попреченост, Општ коментар бр. 3 (2016), член 6: жени и девојчиња со попреченост, 2 септември 2016 година, CRPD/C/GC/3. Достапно на https://www.refworld.org/docid/57c977344.html (пристапено на 17 јануари 2022 година).

Обуката за НВЖД и семејно насилство треба да ги зголеми капацитетите на релевантните професионалци да усвојат **пристап што ги вклучува лицата со попреченост**. Тоа значи обезбедување заштита на жените со попреченост кои преживеале насилство. Покрај тоа, обуката не треба да биде ограничена на концептите за инклузивност на попреченоста, туку треба да се фокусира и на развој на вештини и практично искуство. Учесниците во обуката треба да стекнат знаење и способност да применуваат специфични механизми и техники за да се погрижат сите процеси во правосудниот систем да им се достапни на жртвите со попреченост. При спроведувањето на таквата обука, обучувачите треба да поканат специјалисти со попреченост или со длабинско познавање на вкрстувањата меѓу НВЖД и попреченоста. Вклучувањето на оваа перспектива ја зголемува ефективноста на обуката и придонесува за промена на динамиката на моќта што инаку би можела да придонесе за стигматизација и дискриминација.

## СПЕЦИЈАЛИЗИРАНИ И ПОСВЕТЕНИ ОБУЧУВАЧИ

Покрај општите критериуми за избор на обучувачи во институциите за обука, **сите обучувачи за НВЖД треба да поседуваат специјализирано знаење за НВЖД**. На пример, како дел од квалификациите на обучувачите за НВЖД може да се вклучи условот да се поседува образование за НВЖД, вклучително и СН (семејно насилство ), со фокус на извршните органи и правосудниот систем; минимум петгодишно искуство во спроведување на обука за НВЖД за извршните органи и судството; искуство во справување со родовите предрасуди и стереотипи; специјализирани капацитети како што се вештини за интервјуирање со фокус на жртвите; и докажано специјализирано познавање на релевантни теми, како што е мултисекторски одговор. Исто така, важно е да се вклучат професионалци што обезбедуваат специјализирани услуги за поддршка на жртвите за да можат во обуката да ги вклучат и искуствата и потребите на жртвите.

**Личните ставови на обучувачите и посветеноста кон нулта толеранција за НВЖД** се особено важни. Може да биде корисно да се вклучат тимови на тренери со различен пол за да се зајакне дополнително идејата дека НВЖД не е исклучиво женско прашање, туку дека и мажите треба да бидат вклучени. Посебно внимание треба да се посвети обучувачите да ги совладаат методите за справување со отпорот и можниот сексизам кај учесниците во обуката.

## ИНТЕРАКТИВНИ И ТРАНСФОРМАТИВНИ МЕТОДИ НА ОБУКА

Обуката за НВЖД треба да примени родово-трансформативни методи чија цел е да ги **оспорат родовите стереотипи и внатрешните предрасуди** кои би можеле да се јават кај професионалците од полицијата и правосудниот сектор. Треба да се почитуваат принципите за учење на возрасни. Конкретно, активностите за учење треба да се приспособат на внатрешните мотивации и интереси на учесниците. Треба да се користат рефлексивни наставни техники за да им се помогне на учесниците да ги откријат и да ги преиспитаат сопствените несвесни предрасуди. Обуката треба да биде дизајнирана да се надоврзува на претходното знаење на учесниците и да ги вреднува учесниците како соработници. Исто така, важно е да се создаде средина за заедничко учење во која учесниците ќе имаат безбеден простор за размена на идеи и информации. Корисно е да се користат активности во мали групи кои овозможуваат правење, зборување, слушање, гледање и дискутирање. Ова може да се постигне со примена на правилото 70–30 во кое учесниците зборуваат, гледаат и прават околу 70 отсто од времето, а тренерот зборува околу 30 отсто од времето. Интерактивниот пристап може да се поддржи со примена на низа материјали и вежби, како што се материјали од хипотетички или реални процеси што се одвивале пред јавноста (вклучувајќи видеа или транскрипции од сведоштвата на жртвите), испечатени листови со белешки, презентации во PowerPoint, игра на улоги, симулациски вежби на судење или други видови вежби засновани на симулација. Со оглед на сложеноста на обуката за НВЖД, може да биде корисно таквата обука да се организира во повеќе сесии.

Секогаш кога е возможно, о**буката треба да се организира во просториите на полицијата или судовите за да можат професионалците да учат практично додека работат** и да развијат сопствено авторско чувство за новите пристапи што ќе ги научат. На пример, доколку е изводливо, се препорачува полициските службеници што се учесници да ја посетуваат обуката за проценка на ризик во простории што се погодни за жртвите. За судиите и обвинителите, пак, може да се организираат сесии за обука во судот, користејќи практични студии на случај на изјави или сведоштва на жртвите (под услов таквите изјави да се дадени за време на рочишта што биле отворени за јавноста, или да може да се анонимизираат).

## ФИНАНСИРАЊЕ

Ефективен одговор кон насилството врз жените може да се постигне, меѓу другото, со соодветна обука.[22] За да се исполни обврската за воведување и реализација на соодветна обука за НВЖД, државите потписнички мора редовно и навремено да одвојуваат доволно средства. Одржливата и систематска реализација на обуката за НВЖД може да биде поддржана, делумно, од меѓународни или национални организации, но таа треба да се спроведува под водство и во тесна соработка со релевантни и сертифицирани институции за професионална обука. Иако соработката со други организации може да ја подобри обуката, сепак државите потписнички се тие што имаат обврска да обезбедат обука за НВЖД што е доволно и доследно финансирана.

[22] Член 8, Истанбулска конвенција.

## МОНИТОРИНГ И ЕВАЛУАЦИЈА

Потребата за евалуација е двојна. **Редовниот и институционализираниот мониторинг и евалуација** на знаењето стекнато преку обуката е приоритет и кај основната и кај континуираната обука за службеници.[23] Мониторингот може да се реализира со користење на стандардизирани прашалници за мониторинг и евалуација, како и тестови пред и после обуката, вежби за евалуација или други методи што служат за евалуација и мерење на нивото на знаење на учесниците пред и по обуката и на новостекнатите знаења и вештини.

Понатаму, треба да се утврди збир на индикатори за да се измери влијанието на обуката врз професионалното однесување што ја подобрува безбедноста на жртвите и ја зголемува довербата на жртвите во институциите од правосудниот сектор. Ваквите евалуации треба да се спроведуваат периодично и во редовни интервали (на пример, на секои четири години) од надворешни оценувачи кои се сертифицирани и ги имаат потребните вештини за спроведување евалуации за прашања поврзани со НВЖД. Евалуациите треба да ги опфатат областите како што се ефективноста на користените методи и влијанието на обуката врз подобрувањето на ефективноста на одговорот кај учесниците во обуката на тема НВЖД.

Редовниот мониторинг и евалуација (МиЕ) исто така обезбедува доказна основа за ажурирање и развивање на идни програми за обука.

[23] Член 6, Истанбулска конвенција.

# ТАБЕЛА:

## Точки за делување и препораки за наставните програми за обука за НВЖД за полицијата и судството во регионот на Југоисточна Европа

| ОСНОВНИ МИНИМАЛНИ СТАНДАРДИ | ИЗВОР НА СТАНДАРДИ ВО МЕЃУНАРОДНОТО ПРАВО | РЕГИОНАЛЕН КОНТЕКСТ И ПРЕДИЗВИЦИ | СПЕЦИФИЧНИ ТОЧКИ ЗА ДЕЛУВАЊЕ И ПРЕПОРАКИ ЗА РЕГИОНОТ НА ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА |
|---|---|---|---|
| → **СТАНДАРД ЗА ДЛАБИНСКА АНАЛИЗА** | **Член 5, Истанбулска конвенција.** | Не сите држави потписнички го вклучија принципот на длабинска анализа во нивното законодавство. | Да се изменат законите за да се вклучи принципот на длабинска анализа. |
| | | Државите потписнички од регионот не го вклучија принципот на длабинска анализа во обуките за СН или НВЖД што досега се организирни. | Обуката и за извршните органи и за правосудството треба да го разработува принципот на длабинска анализа. |
| → **ИНСТИТУЦИО-НАЛИЗАЦИЈА** | **Член 15, Истанбулска конвенција.**<br><br>**Општа препорака бр. 19, 33 и 35 на Комитетот за КЕДЖ** | Законските одредби за СН во голема мера имаат родово неутрален пристап.<br><br>Државите потписнички имаат родово неутрални закони против дискриминација или закони за еднаков третман. | Да се развива на родово чувствително законодавство. |
| | | Обуката за НВЖД не е институционализирана ниту систематизирана ни кај полицијата ни кај судството. | Да се наметнат законски обврски за стандардизирана и редовна обука за НВЖД/СН.<br><br>Да се усвојат стандардизирани критериуми за лиценцирана обука за НВЖД/СН и за полицијата и за судскиот сектор.<br><br>Да се усвојат стандардизирани програми за градење капацитети со соодветна сертификација за полицијата и судството. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **→ КОНТЕКСТУА-ЛИЗАЦИЈА** | **Член 3, Истанбулска конвенција.** | НВЖД сè уште не е препознаено како форма на родовобазирано насилство или како полова/родова дискриминација. | Да се стави обуката за НВЖД во социјален контекст и да се развие сфаќањето дека НВЖД е условено од културни, традиционални, имотни, политички и морални вредности. |
| | | Обуката генерално не е прилагодена на спецификите на секој контекст, ниту пак се занимава со локалните општествени и културни обрасци, предрасуди или стереотипи. | Да се организира соодветна обука и да се развијат институционални политики насочени кон искоренување на предрасудите и родовите стереотипи.<br><br>Да се работи на стереотипите, предрасудите и пристрасноста кои претставуваат предизвици за примената на родово чувствителен одговор на насилството врз жените. |
| **→ ПРОЦЕНКА НА ПОТРЕБИТЕ** | **Членови 10 и 11, Истанбулска конвенција.** | Недостига структурирана, редовна/периодична евалуација на програмите за градење на капацитетите за НВЖД/СН во државите потписнички во регионот, која што се заснова на знаење. | Редовно да се прават проценки на потребите во вид на активност што ќе ја придружува обуката.<br><br>Да се спроведуваат проценки на ставовите и перцепциите за родовата еднаквост, родовите улоги и родовите стереотипи, како и потребите за знаења и вештини на потенцијалните учесници во обуката и нивното претходно родово знаење.<br><br>Да се проценат потребите на целната популација во однос на потребната поддршка од релевантните професионалци.<br><br>Да се процени како другите институции што се вклучени во превенцијата и заштитата гледаат на функционирањето на извршните органи и правосудните институции во однос на заштитата и поддршката на жртвите. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **ПОСЕБНА ПРОГРАМА ЗА ОБУКА И МАТЕРИЈАЛИ ЗА НВЖД** | **Член 15, Истанбулска конвенција.**<br><br>**Општа препорака бр. 19, 33 и 35 на Комитетот на КЕДЖ**<br><br>**ГРЕВИО - Општа препорака бр. 1 за дигиталната димензија на насилството врз жените** | Недостига обука за сите форми на НВЖД и за неговите причини и последици, вклучително и недостаток на систематска и стандардизирана мултисекторска основна и континуирана обука за полициските службеници и правосудните професионалци во регионот. | Да се развие и воведе посебна програма за обука за НВЖД за справување со сите форми на НВЖД, подвлекувајќи ја динамиката на родовата моќ како примарен мотив за НВЖД.<br><br>Да се развијат наставни програми за обука кои редовно се ажурираат и ги одразуваат и меѓународните стандарди и домашниот (правен и социјален /културен) контекст.<br><br>Да се развијат прирачници за обука за НВЖД.<br><br>Да се развијат обука и модули за обука за дигиталните димензии на НВЖД.<br><br>Да се развие обука која ја нагласува меѓусебната поврзаност на родовата еднаквост и НВЖД.<br><br>Да се вклучат модули и да се развијат алатки за зајакнување на безбедноста на жртвите и за правење проценки на ризик.<br><br>Да се воспостави повеќесекторска координација, како и збир на мерки за зајакнување на координацијата (вклучително и преку заедничка обука, протоколи и стандардни оперативни процедури). |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **ЗАДОЛЖИТЕЛНА И СИСТЕМАТСКА ОБУКА ЗА НВЖД** | **Член 15, Истанбулска конвенција.** | Сите држави потписнички вклучени во мапирањето имаат назначено институции одговорни за спроведување на основна (почетна) и континуирана (тековна) обука на службеници. | Да се развие и воведе обука за справување со сите форми на НВЖД. |
| | | Недостига систематска и стандардизирана мултисекторска основна и континуирана обука за полициските службеници и правосудните професионалци. | Да се развие стандардизирана и систематска мултисекторска основна и континуирана обука за службениците. |
| | | Почетната обука го вклучува СН во рамките на различни модули, но во програмите за обука недоволно се третира феноменот на НВЖД од родов аспект. | Да се развие основна обука за СН што се однесува на родовата природа на оваа специфична форма на НВЖД.<br><br>Обуката за НВЖД треба да им биде достапна и на професионалците што учествуваат во судските постапки и даваат стручни и вешти мислења. |
| **РОДОВА ЕДНАКВОСТ И НАСИЛСТВО ВРЗ ЖЕНИТЕ И ДЕВОЈЧИЊАТА** | **Член 3, Истанбулска конвенција.**<br><br>**Општи препораки бр. 19 и бр. 35 на Комитетот на КЕДЖ.** | Обуката за НВЖД во регионот е организирана на ад хок основа и не е стандардизирана преку институциите за обука. | Да се развие соодветна обука која ќе ги оспори предрасудите и ќе ги елиминира стереотипите, не само на ниво на поединци, туку и на ниво на институции. |
| | | Обуката за СН во државите потписнички во регионот се организира како почетна обука, но недоволно се третира феноменот од родов аспект, вклучително и без да се разберат односите на моќ меѓу мажите и жените. | Материјалите за обука треба да ја претстават родовата природа на НВЖД, но и како родовобазираното насилство произлегува од нееднаквоста и ја продолжува нееднаквоста. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **→ РОДОВ ПРИСТАП КОН СИТЕ ФОРМИ НА НВЖД ВКЛУЧУВАЈЌИ И СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО** | **Член 3, Истанбулска конвенција.** | Основната обука за полицијата и судството го вклучува СН во различни модули, но во програмите за обука недоволно се третира феноменот на НВЖД од родов аспект. | Да се воведе обука која се однесува на сите форми на насилство врз жените. Да се осигури дека обуката за СН го третира проблемот во сите негови форми (што може да вклучи физичко, сексуално, психичко и економско насилство). Дополнително, СН треба да се претстави како форма на насилство што несразмерно ги погодува жените и затоа е од родова природа.<br><br>Да се воведе обука со пристап заснован на правата, чија цел е да ги интегрира превенцијата на НВЖД, заштитата на жртвите и гонењето на сторителите. |
| **→ ПРИСТАП НАСОЧЕН КОН ЖРТВАТА** | **Членови 4, 12 и 18, Истанбулска конвенција.**<br><br>**Општа препорака бр. 35 на Комитетот на КЕДЖ за жените од малцинствата.** | Во регионот, на програмите за обука на извршните органи и на судството им недостига пристап што е насочен кон жртвата и што промовира почит и еднаквост за жените и девојчињата што доживеале насилство, нудејќи практични алатки за да се осигури нивната безбедност и зајакнување. | Обуката треба да вклучува јасни насоки за разбирање на потребите на жртвите и за третман на жртвите со почит и чувствителност, вклучително и нивно зајакнување за да носат информирани одлуки што најдобро ги одразуваат нивните интереси.<br><br>Обуката треба да придонесе кон недискриминаторски став и разбирање дека некои околности може да направат одредени жртви да бидат особено ранливи. Посебно внимание треба да се посвети на тоа како се вкрстуваат факторите што ја зголемуваат ранливоста.<br><br>Обуката треба да посвети особено внимание да се елиминира обвинувањето на жртвите и ставовите со кои жртвите се сметаат за одговорни за чинот на насилство. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **КООРДИНИРАН И ПОВЕЌЕАГЕН-ЦИСКИ ПРИСТАП** | **Членови 7, 15 и 18, Истанбулска конвенција** | Не сите држави потписнички во регионот имаат развиено протокол за мултисекторска соработка или стандардни оперативни процедури за случаите на НВЖД/СН. | Да се воспостави систем за мултисекторска координација на НВЖД/СН. |
| | | Организирањето на обуки за мултисекторска соработка и упатување на редовна основа и понатаму останува предизвик во повеќето од проучуваните држави потписнички. | Да се воведе редовна задолжителна обука за мултисекторска соработка за релевантните актери во системот.<br><br>Во активностите за обука да се нагласи улогата на женските граѓански организации при обезбедувањето услуги за жртвите, така што полициските и правосудните професионалци ќе можат да ги упатуваат жртвите до соодветното место. |
| **ЕФЕКТ ОД НАСИЛСТВОТО ВРЗ ДЕЦАТА КАКО ЖРТВИ И СВЕДОЦИ** | **Член 31, Истанбулска конвенција.**<br><br>**Општа препорака бр.35 на Комитетот на КЕДЖ.**<br><br>**Член 19, Конвенција за правата на детето.** | Обуката во регионот на тема НВЖД или СН генерално не опфаќа прашања кои се однесуваат на децата жртви или сведоци, ниту пак на потребата од посебни пристапи за заштита на децата во ваквите случаи. | Обуката треба да вклучува посебен модул за техниките на интервјуирање и како да се препознаат знаците на траума и да се избегне секундарната виктимизација на децата жртви или сведоци на НВЖД.<br><br>Потребна е посебна обука за определување на правата за старателство и посета на детето, која ги зема предвид инцидентите на НВЖД и која гарантира дека остварувањето на правата за посета и старателство не ги загрозува правата и безбедноста на жртвата или децата. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **ПРИСТАП ШТО ГИ ВКЛУЧУВА ЛИЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ** | **Член 6, Конвенција за правата на лицата со попреченост; Општ коментар бр. 6 (2018) за еднаквост и недискриминација, Комитет за правата на лицата со попреченост.**<br><br>**Општи препорака бр. 18 на Комитетот на КЕДЖ (за жени со попреченост), бр. 19 и бр. 35.** | Во регионот постои недостиг на соодветна обука за НВЖД и СН што би ги зголемила капацитетите на професионалците од правосудниот сектор за да се осигура дека ќе се земат предвид прашањата за попреченост при заштитата на жртвите со попреченост кои доживеале НВЖД. | Да се развие специјализирана обука која се занимава со различните форми на попреченост за да се осигура пристапот до правда за жртвите на НВЖД и СН.<br><br>Обуката треба да се фокусира на развој на вештини и практично искуство и да не биде ограничена само на концептите за инклузивност на попреченоста.<br><br>Кога се спроведува обука за НВЖД и СН, обучувачите треба да поканат специјалисти со попреченост или длабоко познавање на НВЖД и попреченоста. |
| **СПЕЦИЈАЛИ-ЗИРАНИ И ПОСВЕТЕНИ ОБУЧУВАЧИ** | **Член 15, Истанбулска конвенција.** | Во регионот нема специјализиран кадар на обучувачи за НВЖД, иако постојат иницијативи за обука на обучувачи за одредени теми, главно за семејно насилство. | Сите обучувачи за НВЖД треба да поседуваат специјализирано знаење за НВЖД.<br><br>Обучувачите за НВЖД треба да се залагаат за нулта толеранција за НВЖД.<br><br>Да се постават јасни и законски дефинирани критериуми за избор и сертификација на обучувачи.<br><br>Да се вклучат професионалци што обезбедуваат специјализирани услуги за поддршка на жените жртви кои можат да ги споделат искуствата на жртвите со учесниците во обуката. |
| **ИНТЕРАКТИВНИ И ТРАНСФОРМА-ТИВНИ МЕТОДИ НА ОБУКА** | **Член 15, Истанбулска конвенција.** | Не постојат регулативи во регионот за предложената дистрибуција на интерактивни и теоретски делови што ќе се користат при развивање и спроведување на обука. | Да се постават јасни критериуми со примена на принципите за учење на возрасни во сите обуки за НВЖД, вклучително и специфицирање на распределбата помеѓу теоретското и практичното учење.<br><br>Да се вметнат родово-трансформативни методи кои имаат за цел да ги предизвикаат родовите стереотипи и внатрешните предрасуди во сите обуки за НВЖД. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **→ ФИНАНСИРАЊЕ** | **Член 8, Истанбулска конвенција.** | Процесите за обука на полицијата и судството главно се финансираат од буџетот на соодветните институции за обука, со обука фокусирана речиси исклучиво на СН. | Да се обезбеди стабилно финансирање на обука за НВЖД/СН. |
| | | Обуката за НВЖД/СН традиционално се спроведува и финансира од граѓанските организации за правата на жените и меѓународните донатори. | Да се обезбеди одрживо финансирање за мониторинг и евалуација на квалитетот на спроведената обука. Исто така, да се инвестира во независни надворешни ревизии на таа обука. |
| **→ МОНИТОРИНГ И ЕВАЛУАЦИЈА** | **Членови 6 и 15, Истанбулска конвенција** | Ниту една од државите потписнички во регионот нема воспоставено редовен и институционализиран мониторинг и проценка на знаењето стекнато преку основната обука и обуката за службеници на работно место. | Да се развие стандардизирано собирање на податоци за основната обука, континуираната обука за службеници и мултисекторската обука.<br><br>Да се организира редовен и стандардизиран МиЕ на сите основни и континуирани обуки за службеници на тема НВЖД/СН.<br><br>Да се користи унифицирана методологија за МиЕ за да се следат трендовите и промените во однесувањето кај професионалците кои учествувале на обуката.<br><br>Да се организираат независни, надворешни проценки во однапред утврдени интервали. |

**Оваа публикација е дел од следниов проект: OSCE Secretariat WIN Project (Women and Men Innovating and Networking for Gender Equality). WIN проектот се имплементира со поддршката на следниве донатори:**

**ОБСЕ Секретаријат**

Канцеларија на Генералниот Секретар
Програма за родови прашања, Адреса:
Wallnerstrasse 6
1010 Виена, Австрија

Е-адреса: equality@osce.org
www.osce.org/secretariat/gender

Organization for Security and Co-operation in Europe

*Содржината на оваа публикација ги одразува мислењата, наодите, толкувањата и заклучоците на авторите и соработниците и не мора нужно да ги одразува гледиштата ниту официјалните позиции на Организацијата за Безбедност и Соработка во Европа (ОБСЕ), нејзините донатори и/или државите учеснички. Иако е вложено многу грижа во подготовката на оваа публикација, ОБСЕ не прифаќа одговорност за точноста или целокупноста на која било информација, инструкции или совети во неа ниту пак за грешки во печатењето.*

*Употребените називи и презентацијата на материјалот во оваа публикација не претставуваат ниту имплицираат изразување на став од страна на ОБСЕ во поглед на правниот статус на некоја држава, територија, град или област, на тамошен орган ниту пак во поглед на демаркација на границите и/или ограничувањата.*